ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јовица Стојановиќ |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Ноември 2017 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Ноември 2017 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2017 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Работите во обезбедувањето во казнено-поправните и воспитно-поправните установи ги врши затворската полиција која е организирана како посебна организациона единица. Затворската полиција врши обезбедување на осудените и притворените лица, надворешно и внатрешно обезбедување на установата и нејзините објекти.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Повеќе извештаи на меѓународни организации, како и на национални институции и невладини организации наведуваат дека контролните механизми над телата за спроведување на законите во Република Македонија не се на соодветно ниво што е потврдено со повеќе пресуди на ЕСЧП во Стразбур каде што е утврдена повредата на ЕКЧП.

## 2. Цели на предлог регулативата

Постоење на независни, ефикасни и навремени механизми за контрола на работата на затворската полиција. Овие механизми е потребно да бидат хиерархиски независни од оние чие постапување е предмет на истрага.
Овозможување на највисока можна објективност на истрагите за пречекорувањата на затворската полиција, заради обезбедување на непристрасна оценка во заштита на човековиот дигнитет. Спроведување на кривично гонење за сите кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција, а сторени при вршењето на службената должност, како и за кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција надвор во вршењето на службата со употреба на сила или средства на присилба, при што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда или телесна повреда, доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Донесување на Закон за дополнување на Закон за извршување на санкциите со кој ќе се овозможи спроведување на кривично гонење за сите кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција, а сторени при вршењето на службената должност, како и за кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција надвор во вршењето на службата со употреба на сила или средства на присилба, при што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда или телесна повреда, доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### 4.1 *Економски влијанија*

### 4.2 *Фискални влијанија*

Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

### 4.3 *Социјални влијанија*

### 4.4 *Влијанија врз животната средина*

### 4.5 *Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

### 5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Мулти-институционална работна група која работела на изготвувањето на овој предлог закон се вклучени претставници од Јавно обвинителство, судови, професори по казнено право и претставници од Министерство за внатрешни работи и Министерство за правда.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

### *5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Со предложениот Предлог Закон се овозможува постоење на независни, ефикасни и навремени механизми за контрола на работата на затворската полиција. Со Предлог Законот за дополнување на Законот за извршување на санкциите се предвидува дека по добиено сознание за постоење на основи на сомнение дека припадник на затворската полииција сторил кривично дело при преземање на службено дејствие или дејствие вон службата со употреба на сила ако за последица, настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда или против правно лишување од слобода доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, КПУ, ВПУ и УИС без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Ризикот од спроведувањето на решението е непостоење на надворешен контролен механизам, а со тоа и негативни забелешки за работата на јавното обвинителство и полицијата во меѓународните извештаи, како и пресудите на ЕСЧП.

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за извршување на санкциите содржи два члена и тоа:

Со членот 1 се предвидува постоење на независни, ефикасни и навремени механизми за контрола на работата на затворската полиција. се овозможува највисока можна објективност на истрагите за пречекорувањата на затворската полиција, заради обезбедување на непристрасна оценка во заштита на човековиот дигнитет. Спроведување на кривично гонење за сите кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција, а сторени при вршењето на службената должност, како и за кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција надвор во вршењето на службата со

употреба на сила или средства на присилба, при што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда или телесна повреда, доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

Со членот 2 се уредува материјата за влегување во сила на овој закон.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерство за внатрешни работи, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Управа за извршување на санкциите, Царинска управа и Министерство за одбрана.

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Организирање на обуки за надлежните органи во врска со новото законско предложено решение.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: ______________

..................................................

потпис на државен секретар

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 27. 11. 2017

........................................

потпис на министерот